# *Еднаков пристап до правда во сите сегменти на општественото живеење*

АСС. М-Р АНА ЗДРАВЕВА

*- Пристап до правда и целите на одржлив развој*
*- Поим и значење на пристапот до правда*
*-Меѓународни стандарди за пристап до правда*
*- Европски стандарди за пристап до правда*
*- Инструменти за олеснување на пристапот до правда во домашното законодавство*

*- 4 милијарди луѓе во светот живеат надвор од заштитата што ја овозможува правото*

*- Во најновиот Индекс за владеење на правото за 2021 година, Светскиот проект на правдата (World Justice Project) ја рангира нашата држава на 64 место*

# *Цели за одржлив развој*

16.3 Промовирање на владеење на правото на национално и на меѓународно ниво, **и да се обезбеди еднаков пристап до правда за сите**



# *I. Поим и значење на пристапот до правда*

- Пристап до правда во потесна смисла ( stricto sensu)

✓ Право на пристап до суд,

✓ Правото на независност и непристрасност на судовите,

✓ Право на правични и јавни судења,

✓ Право на советување, бранење и претставување,

✓ Право на бесплатна правна помош и

✓ Право на ефикасни правни средства

- Пристап до правда во поширока смисла (latto sensu)

# 2. *Меѓународни стандарди за пристап до правда*

1. Универзалната декларација за човековите права на ООН

- „секој има право насекаде да биде признаван како личност пред правото/ законите“;

- „секој има право да биде третиран како невин додека не се докаже спротивното, пред јавен суд/на јавно судење, во согласност со право/закон“; „на сите им припаѓа рамноправна заштита со право/ закон“;

- „секој има право на ефикасни правни средства пред надлежните национални судови, за дела што ги кршат основните права што ги пропишуваат уставот или законите“;

- „секој потполно рамноправно ужива право на јавно и праведно/фер судење, пред независен и непристрасен суд, при остварување лични права и обврски и во случаи на подигнато кривично обвинение против него“;

- ограничувања на правата се можни само „како исклучоци пропишани со релевантни закони, рамноправно, во интерес на сите човекови суштества, како и на моралот, јавниот ред и на благосостојбата во секое демократско општество“и,

- никој не смее ниту да толкува ниту да применува наводни „права на држави, групи или индивидуи“ кои ја кршат Декларацијата, затоа што човековата личност не само што ужива права и слободи туку има и сериозни „обврски/должности кон заедницата во која единствено е возможен слободен и целосен развиток на човековата личност“.

# *Пактот за граѓанските и политичките права и Пактот за економските, социјалните и културните права на ООН*

- Признавање на правен субјективитет (чл.16)
- ***минимум-стандарди на права***, во случаи на покренати кривични постапки: информации за делата, карактеристиките и причинските врски; судења во присуство; судења без непотребни одолжувања; право на сослушувања на сведоците на обвиненијата и на приведувања и сослушувања на сведоците на одбраните, под исти услови како и сведоците на обвиненијата; забрана на принуди за сведочење против себе или за признавање сопствени вини; права на самоодбрана или на избрана одбрана; на адекватно време и простории за подготвување на одбраната и за комуницирања со бранители избрани по сопствен избор; право на информации во случаи на немање одбрана и право на бесплатна одбрана по службена должност (во случаи на отсуства на материјални можности), како и право на бесплатна помош од толкувачи (чл.14(3) од Првиот пакт); и понатаму, право на секое лице осудено како виновно за сторено кривично дело да побара, во согласност со закон, повисок суд да ја преиспита пресудата (чл.14(5);
- надградување на правото на јавни и фер судења пред објективни и непристрасни судови со воспоставување судови надлежни да пресудуваат за основаноста на конкретно кривично обвинение, тужби за остварување граѓански права итн., како и јавност на секоја пресуда освен ако интересите на малолетниците не бараат нешто друго или ако не станува збор за расправи во врска со брачни спорови или со старателство над деца.

# *Првиот факултативен протокол кон меѓународниот пакт за граѓанските и за политичките права*

- Дел со кој е збогатена институционалната структура на системот на ОН и е воспоставен Комитетот за човековите права.

# *Европски стандарди и пристапот до правда (пристап до правда и пристапот до нови земји членки)*

- Законодавството на ЕУ и нејзините внатрешни и надворешни политики имаат за цел да ја одржат и развијата Унијата како регион на слобода, безбедност и правда.

# *Бесплатна правна помош согласно Законодавството на ЕУ и Совет на Европа (ЕВропската конвенција за човекови права)*

- Пристапот до правна помош е значаен дел од правото за правично судење согласно член 6 од ЕКЧП и член 47 од Повелбата на ЕУ за основни права.

# *Правна помош во граѓански постапки ( Стандарди на Совет на Европа)*

- Правото на правна помош во граѓанските постапки произлегува од толкување на одредбите член 6 и член 13.
- ЕКЧП го гарантира правото на правична судска постапка и фер судење, со гаранции дека *„секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски...“ и Право на реална жалба (член 13).*
- *Неопходна за ефективен пристап до суд, или затоа што правното застапување е задолжително или пак применливата процедура за случајот е сложена.*
- Покрај овие одредби кои упатуваат на обврската на државата да воспостави механизми за обезбедување на еднаков пристап до правда на сите граѓани, правото на бесплатна правна помош наоѓа свое место и во пресудите на ЕСЧП.
- Преседанот во поглед на обезбедување на бесплатна правна помош е направен во случајот Airey v.Ireland (Series A no.32,1979), каде судот во своето образложение истакнува дека Конвенцијата е насочена *кон гарантирање на права кои не се само теоретски и апстрактни, туку практични и ефективни. Државата не може да остане пасивна и има обврска да обезбеди ефективен пристап до правда.*
-

# *Правна помош во кривични постапки ( Стандарди на Совет на Европа)*

- Експлицитно, право на правна помош во кривични постапки е утврдено во член 6 (3) (в) од ЕКЧП. Согласно споменатото, секој што е обвинет за кривично дело има право на бесплатна правна помош доколку нема „доволно средства“ да плати за правна поддршка (финансиски тест или тест за средства), кога тоа се наложува од „интересите на правдата“ (тест за интереси на правдата).
- Во случајот Tsonyo Tsonev v. Bulgaria (No. 2) – финансиски тест
- При одредување дали за „интересите на правдата“ (основаност) е потребно обезбедување правна помош треба да се земат предвид три фактори: тежината на прекршокот и потенцијалната казна, сложеноста на случајот и социјалната и личната состојба на обвинетиот

# *Инструменти за олеснување на пристапот до првда во домашното законодавство Кривична постапка*

## 1. Задолжителната одбрана

- Законот за кривична постапка (ЗКП) предвидува т.н. задолжителна одбрана (член 74 од ЗКП) од адвокат како бранител во ситуации каде што поради тежината на обвинението, значењето на одредено дејство или поради некаква друга очигледна попреченост, обвинетиот нема да може успешно да се брани самиот.
- (1) Ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани, или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор, мора да има бранител уште при првото испитување.
- (2) Обвинетиот мора да има бранител ако против него е определен притвор за времето додека трае притворот.
- (3) По поднесениот обвинителен акт поради кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор од десет години или потешка казна затвор, обвинетиот мора да има бранител во времето на доставувањето на обвинителниот акт.
- (4) Во текот на постапката за преговарање и спогодување со обвинителот за признавање на вината, обвинетиот мора да има бранител.
- (5) Обвинетиот на кој му се суди во отсуство мора да има бранител веднаш по донесеното решение за судење во отсуство.

# *Инструменти за олеснување на пристапот до првда во домашното законодавство Кривична постапка*

**2. Одбраната за сиромашни**

• **Кога тоа го бараат интересите на правдата** – Овој општ услов кој произлегува од практиката на ЕСЧП е прецизиран со два критериума. Првиот критериум од кој поаѓа судот е тежината на кривичното дело, т.е неговата сериозност и строгоста на предвидената казна. Вториот критериум е сложеноста на конкретниот случај. Може да се работи за комплексност и на фактички и на правни прашања, но правните прашања почесто се јавуваат како причина да се смета дека обвинетиот нема да може успешно да се брани без бранител.

• **Имотната состојба на обвинетиот** - Критериумите за финансиската состојба („ако според својата имотна состојба не може да ги поднесува трошоците на одбраната“) на лицата што се квалификуваат за бесплатна правна помош во кривичните предмети не се јасно дефинирани и се оставени на толкување во секој случај поединечно.

## *Инструменти за олеснување на пристапот до првда во домашното законодавство Кривична постапка*

3. **Посебни права за жртви на кривични дела**

- Жртвата на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право, има право : 1) пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен

# *Инструменти за олеснување на пристапот до првда во домашното законодавство Граѓанска постапка*

## 1. Ослободување од плаќање трошоци и поставување полномошник согласно ЗПП

- Судот ќе ја ослободи од плаќање на трошоците на постапката странката што според својата општа имотна состојба не е во можност да ги поднесува овие трошоци без штета за својата нужна издршка и нужната издршка на своето семејство (Член 163 став 1 од ЗПП).
- Ослободувањето од плаќање на трошоците на постапката опфаќа ослободување од плаќање такси и ослободување од полагање аванс за трошоците на сведоците, вештаците, за увид и за судските огласи (Член 163 став 2 од ЗПП).
- Судот може, по своја оцена, делумно да ја ослободи странката од парничните трошоци (чл. 163 ст. 3 од ЗПП), само во однос на издатоците за судски такси, доколку смета дека ослободувањето само од судска такса ќе ја исполни целта на овој институт.

# *Инструменти за олеснување на пристапот до првда во домашното законодавство Граѓанска постапка*

**2. Закон за беспалатна правна помош**

# *Закон за бесплатна правна помош од **2009** година*

*Недостатоци:*

- Недореченост на законскиот текст
- Слаба институционална поставеност
- Негова нефункционалност
- Неусогласеност со правните потреби на населението

# *Закон за бесплатна правна помош од **2019** година*

Новини:

- Проширување на опсегот на примарната правна помош
- Зголемени овластувања на овластените здруженија
- Проширување на кругот на даватели на примарна правна помош
- Воведување на нов начин за финансирање на давателите на примарната правна помош
- Финансиска помош за надомест на трошоци за вештачење, судски такси и процесни трошоци
- Олеснети услови кои мора да ги исполнуваат Барателите на БПП

***3266** граѓани добиле примарна правна помош  во 2021 година а **203** секундарна правна помош.За **53,7%** е зголемен бројот на барања за секундарна правна помош во  2021 година во споредба со 2020 година, а примарната правна помош е зголемена за **20%**.*

# *Ослободување од плаќање трошоци на постапка пред нотар*

- Во однос на трошоците, законот предвидува дека странката што има право да биде ослободена од трошоци во постапка според ЗПП, може да побара од Нотарската комора да ја ослободи од плаќање такса, награда и трошоци за преземање дејства од нотарот, а Комората ќе му ги надомести истите на нотарот што постапувал.
- Во законот не постојат експлицитни одредби за ослободување од плаќање на адвокатските трошоци кога се исполнети законските услови за тоа.

## ЗАКЛУЧОК:

Од особено значење во процесот на спроведување на развојните цели е државите да посветат особено внимание на креирање политики и соодветно опкружување што ќе овозможи доследна имплементација на одржливите развојни цели.

Пристапот до правда е интегрален дел на меѓународните стандарди за човекови права и е содржана во меѓународни правни акти. Затоа државата треба да ги почитува преземените обврски, а не само формално да ги ратификува.

Притоа, особено внимание мора да се посвети на имплементацијата на потцел **16.3**, односно да се земат предвид посебните потреби и проблеми на ранливите групи граѓани при нивниот пристап до правда.

Државата е должна да обезбеди ефективен систем на бпп и истиот да го доближи до граѓаните, со единствена цел – да ја оствари својата социјална улога и да обезбеди еднаков пристап до правда за сите.